КРЕИРАМЕ МОЖНОСТИ ЗА ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Резултати од **29 спроведени грантови** за добро управување и транспарентност на граѓански организации и мрежи

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

МЦМС

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

CNVOS
Centre for Information Service, Co-operation and Development of NGOs

Програма: Одржливо граѓанско општество – државно финансирање за граѓански организации

Брошурата е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.
Содржната на оваа брошура е единствена одговорност на МЦМС
и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

Предговор 5

1. ГРАНТОВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ СТРУКТУРИ НА УПРАВУВАЊЕ 7

FINANCE THINK
Институт за економски истражувања и политики 8

ФОКУС
Фондација за локален развој и демократија 11

ХОПС
Здружение - опции за здрав живот 14

СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА 17

СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА – СЕММ 20

СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ
Здружение за сексуални и родови малцинства 23

ИЗБОР
Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лицата зависни од психоактивни супстанции 26

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ 29

МЕЃАШИ
Прва детска амбасада во светот 32

АЛДА СКОПЈЕ
Асоцијација на агенциите за локална демократија 35

2. ГРАНТОВИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 39

ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО СВЕТИ НИКОЛЕ 40

ЛЕАД
Лидери за едукација, активизам и развој 43

ЛГБТ ЈУНАЈТЕД
Здружение на лезбејки, геј, бисексуалци/ки и трансексуалци/ки 46

ЛУЛУДИ
Ромска асоцијација за жени и млади 49

МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП 52

МЛАДИТЕ МОЖАТ
Здружение на граѓаните 55

ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА СТРУГА 58

ЕДНА МОЖЕ!
Здружение за родова еднаквост 61

СТАНИЦА П.Е.Т.
Здружение за правна едукација и транспарентност 64

МЕДИУМ
Центар за развој на медиумите на заедниците медиум 67

НАДЕЖ – НОРЕ
Здружение на граѓани 70

КУЛТ-ТРАНЗЕН
Здружение за култура и развој на креативни индустрии 73

ЗДРУЖЕНИЕ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ
НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ 76

МРЕЖА НА МЛАДИ ФАРМЕРИ - ММФ 79

3. ГРАНТОВИ ЗА МРЕЖИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ И САМОРЕГУЛАЦИЈА 83

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА 84

ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА! 87

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Национална мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата 90

ГРАЃАНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА АВАЈА
Институт за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ 93

СЕГА
Коалиција на младински организации 96

ПРЕДГОВОР

Во период од 2018 до 2020 година во рамки на програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации“ (Програма) се реализираа вкупно три вида на финансиска поддршка за граѓанските организации, и тоа:

- Грантови за унапредување на внатрешните структури на управување (10);
- Грантови за транспарентност (14);
- Грантови за мрежи на граѓански организации за зајакнување и саморегулација (5).

Се доделија 29 грантови со вкупна вредност од 9.041.487 денари (147.016 евра). Или поконкретно, во рамки на грантовите за унапредување на внатрешните структури на управување се реализираа 4.481.801 денари, за грантовите за транспарентност се реализираа 3.269.933 денари и за грантовите за мрежи се реализираа 1.289.753 денари.

Сите грантови се доделија преку неколку јавно објавени повици за грантови на кои се доставија вкупно 194 проектни апликации. Доделените 29 грантови ги покриваат сите плански региони во Северна Македонија и тоа Скопски со 14 грантови, Источен со 1 грант, Полошки со 2 гранта, Вардарски со 3 грантови, Пелагониски со 3 грантови, Југозападен со 2 гранта, Југоисточен со 3 грантови и Североисточен со 1 грант.

Во текот на имплементацијата, организациите работеа на подобрување на внатрешните структури на управување согласно принципите на добро владеење во насока на регулирање на транспарентноста, отчетноста, партиципативниот и демократскиот начин на донесување одлуки во својата работата. Дополнително, се унапредија практиките за транспарентно известување на организациските проекти и мобилизирани средства, а се зајакнаа и капацитетите за јасна и отворена комуникација со сите засегнати страни и особено со граѓаните.

Со овие грантови се овозможи поддршка на граѓанските организации за нивно институционално јакнење. Затоа грантовите во оваа Програма се особено значајни и доприносуваат за долгорочното јакнење на граѓанските организации. Реализацијата на овие грантови е директна инвестиција за развој на демократијата во Република Северна Македонија и поддршка за заштита на човековите права и слободи. Имено, со грантовите се поддржаа организации кои континуирано влијаат на демократскиот развој и човековите права во областите на економски и одржлив развој, маргинализирани групи, антидискриминација, млади, медиуми, социјална заштита и итн. Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка

со донаторската заедница и во иднина ќе реализира програми кои ќе ги јакнат внатрешните капацитети на организациите за транспарентно и отчетно работење.

Оваа Програма ја спроведува МЦМС заедно со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации (ЦНВОС) од Словенија, во периодот од 2018 до 2021 година Програмата е финансирана од Европската Унија.

Цел на програмата е создавање на ефективни, транспарентни и отчетни граѓански организации кои дејствуваат во поддржувачка финансиска околина.[1]

1 Види повеќе за целата програма на: *http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/programi/1977-odrzhlivo-gragjansko-opshtestvo-drzhavno-finansiranje-za-gragjanskite-organizacii.html*

1

ГРАНТОВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ СТРУКТУРИ НА УПРАВУВАЊЕ

приоритетна област на делување

ЕКОНОМСКИ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

FINANCE THINK (financethink.mk)

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ, СКОПЈЕ

Мисија

Да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западен Балкан, преку истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци и поттикнување критичка дебата за демократските и економските процеси.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
23.351.077 денари	16.352.238 денари

Број на вработени

7

име на проектот

ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА 2018-2020 И ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА ОЦЕНКА НА УЧИНОКОТ И ЕФИКАСНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Период на спроведување
01.07.2018 – 31.12.2019

Реализирани средства
457.391 денари

Краток опис на проектот
Унапредување на процесот на мониторинг и евалуација во Finance Think, преку операционализација на стратегијата за M&E 2018-2020 и создавање рамка за оценка на учинокот и ефективноста на вработените во институтот.

Подготвени продукти

- Рамка за мониторинг и евалуација.
- Стратегијата за мониторинг и евалуација 2018-2020.
- Годишен наративен извештај за 2018 со спроведена стратегија за МиЕ.
- Правилник за оценка на учинокот и ефикасноста на вработените во FinanceThink.

Додадена вредност
Соработка и вмрежување со организации од Хрватска и од Словенија. Иницијален акциски план за спроведување на препораките добиени од студиската посета во Загреб.

Одржливост
Постигнувањето на резултатите и целите за развој е клучно за зацврстување на рамката за управување во Finance Think. Изготвената M&E рамка е долгорочен концепт кој треба да овозможи институтот да го следи

својот напредок, влијание и владеење. Целокупно, стекнатото знаење низ целиот процес ќе овозможи истото да се примени на сродни прашања во иднина. Вака дефинираната рамка е цврста основа за понатамошна интернационализација на „тинктенкот“, што е следната фаза од развојот, водена од нашата визија. Оттука, рамката за добро управување ќе се одрази врз постигнување наднационална видливост и влијание на европско ниво во следниот период од неколку години.

Постигнати резултати

Целосно заокружен процес на мониторинг и евалуација со целосно спроведување на рамката M&E за 2018 година.

Дефиниран и дизајниран процес на оценување на учинокот на вработените на работното место.

Процесот на дефинирање на оценувањето беше сеопфатен и сите идеи на вработените беа земени предвид и инкорпорирани во рамката за оценка (која е на ниво на интерен правилник) за да придонесе на крајот за успешно спроведен процес на оценување на учинокот на вработените на работното место.

Добиено позитивно независно мислење за процесот на управување во Finance Think.

Организирана и реализирана посета на „тинктенкови“ во Хрватска во месец ноември 2019 година. Во текот на посетата бешепренесено искуството на организациското внатрешно работење и на правилникот за мониторинг и евалуација.

приоритетна област на делување

РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ФОКУС (focus.org.mk)

ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА, ВЕЛЕС

Мисија

Мисијата на организацијата е насочена кон унапредување на демократијата, локалниот развој и граѓанското општество. Развива и поддржува иницијативи кои се темелат на добро владеење и одговорно граѓанство.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
3.091.662 денари	3.091.662 денари

Број на вработени

6

ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

име на проектот

ФОКУС ВО ФОКУСОТ

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
400.867 денари

Краток опис на проектот
Зајакнување на кредибилноста на фондацијата како сериозен и одговорен чинител преку ревидирање и воспоставување нови внатрешни правила и процедури, потоа зајакнување на капацитетите на организацијата за одговорност, професионалност, добро управување, отчетност и одговорно финансиско работење и добро управување со финансиите и инфраструктурата, во насока на прераснување во поефективна и транспарентна граѓанска организација. Како резултат на проектот, фондацијата воспостави нова основа за одржлив развој и континуирано подобрување.

Подготвени продукти

- Политика на квалитет.
- Прирачник за квалитет со процесна мапа.
- Организациска структура.
- Прирачник за управување со финансиски ресурси.
- Постапка за управување со инфраструктура.
- Постапка за управување со документирани информации.
- Постапка за вработување, воведување во работа, информирање и мотивација.
- Постапка за организирање обука.
- Постапка за стратешко планирање.
- Постапка за управување со проекти.
- Постапка за внатрешна и надворешна комуникација.
- Запис за следење на законската регулатива.

Додадена вредност

Креиран систем за управување со квалитет базиран на НВО-стандардот за управување со квалитет воведен од CNVOS и SIQ, Љубљана, Република Словенија. Со ова, Фондацијата „Фокус“ стана првата граѓанска организација во државата со документација за работење базирана на овој стандард.

Одржливост

Сите идни активности и проекти на фондацијата „Фокус“ ќе бидат управувани врз основа на стандардизираните процедури од Системот за управување со квалитет. Притоа, фондацијата ќе води сметка за принципот на постојано подобрување на квалитетите врз основа на редовна проверка на спроведувањето и следењето на процедурите. Знаењата стекнати во проектот ќе бидат предмет на континуирано подобрување во насока на развој на капацитетите на фондацијата.

Постигнати резултати

Ревидирање на постојните правила и процедури. Ревизија на 11 постоечки правилници, кодекси и процедури за работа со вклучување 5 членови на Одборот, 3 члена на Комисијата за надзор и контрола, како и вработените во Фокус.

Воспоставување нови правила. Ревидирани постојни правила и процедури кои ќе придонесат кон промена и зајакнување на организациската структура на Фондацијата, пред сè како функционална, ефективна и посветена на остварување на организациските стратешки цели.

Воведување систем за управување со квалитетот. Основачите на фондацијата ги прифатија политиката на квалитетот и новите процедури. Подготвени и донесени се два правилника, за подигнување на одговорно и квалитетно работење во фондацијата со јасно дефинирани правила и процедури за улоги во проектниот менаџмент на организацијата. Воспоставени се нови процедури во фондацијата за поголемо влијание во заедницата и кон конституторите, донаторите и партнерите.

Зголемена транспарентност и демократско управување. Се реализира дводневна работна посета во Љубљана, Република Словенија, за увид во најдобрите практики во 3 граѓански организации и платформи. Реализирани се и средби со 3 македонски граѓански организации од Скопје и од Велес, а стекнатите искуства се пренесени на две граѓански организации од Велес.

приоритетна област на делување

ЗАШТИТА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЛИЦА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ХОПС (hops.org.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ, СКОПЈЕ

Мисија

Промоција, почитување и заштита на човековите права и слободи заради унапредување на здравјето и социоекономскиот статус на сите луѓе, а особено на корисниците на дроги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници базирано на принципите за намалување штети, преку еднаков пристап до услуги, зајакнување на заедницата, подигнување на капацитетите, истражувања, анализи и застапување.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
30.936.300 денари	23.934.943 денари

Број на вработени

46

име на проектот

ВОСПОСТАВУВАЊЕ ВНАТРЕШНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
444.340 денари

Краток опис на проектот
Воспоставена е структура за подобро внатрешно управување и оваа структура е ставена во функција на подобрување на внатрешните односи, на транспарентноста и на отчетноста. Во воспоставувањето на политиките и процедурите беа вклучени сите внатрешни конститутори на ХОПС, а со обуките, предавањата, „ретритот“ и „тим-билдингот“, чија цел беше да се зајакнат компетенциите на внатрешните конститутори, се воспостави поотворена комуникација и се поттикнаа мотивираноста и иницијативноста.

Подготвени продукти

- Правилник за организациските политики и процедури.
- Организациското преструктурирање на ХОПС.

Додадена вредност
Обучени 15, наместо 13 раководители; идентификувана потреба од обуки за лидерство и комуникациски вештини за кои веќе се обезбедени средства.

Одржливост
Самите проектни активности поволно влијаеја за потикнување мотивација и иницијативност кај повеќето внатрешни конститутори, а поединци особено се истакнаа со својата решителност и со преземање поголема одговорност, со што им даваат позитивен пример на другите колеги/шки, но и влијаат на зацврстување на човечките ресурси. Сепак, ова е

долгорочен процес, така што и покрај поволните резултати, треба да се посвети уште многу енергија и внимание за овозможување поголема автономија во работата. Во целина гледано, треба уште да се вложува во развојот на човечките ресурси, како услов за поголема демократизација и активно граѓанство и ова ќе биде една од главните заложби при планирањето последователни активности.

Постигнати резултати

Обучени 15 раководители подготвени да одговорат на предизвиците за раководење со човечки ресурси, за оперативно и за административно и финансиско раководење.

Воспоставени ефикасна структура и ефикасен систем за оперативен менаџмент, за раководење со човечките ресурси и за спроведување на административните и финансиските процедури.

Унапредени меѓучовечки односи, подобрена тимска работа и поттикната мотивација кај внатрешните конститутори на ХОПС.

приоритетна област на делување

МЛАДИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ (scout.org.mk)

Мисија

Мисијата на Сојузот на извидниците на Македонија е да придонесе во образованието на младите луѓе, низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот завет и закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Финансиски капацитет на организацијата во 2107 година

Приходи	Расходи
9.323.911 денари	9.262.953 денари

Број на вработени

12

име на проектот

ЈАКНЕЊЕ НА КОРЕНИТЕ

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
448.291 денари

Краток опис на проектот
Зајакнување на капацитетите на управните и извршните органи за добро управување и самоевалуација. Преку донесувањето и воспоставувањето на модулот за обука на кадри ќе се стави рамка за подготовка на сегашните и на наредните генерации кои ќе ја водат организацијата. Исто така, со спроведување на алатките за самоевалуација на квартално ниво, лесно ќе се следи напредокот/падот на организацијата и ќе може да се реагира доколку е потребно. Дополнително, процедурите и правилата ќе се донесат со цел олеснување при извршување на волонтерските и работните обврски на управните и на извршните цели и ќе служат како водилка во отворените процеси.

Подготвени продукти

- Алатка за самоевалуација на членките.
- Водич за безбедност и работа со деца и млади.
- Политика за безбедност.
- Документ „Возрасни во извидништвото и нивната улога во организацијата“.

Додадена вредност
Прифатени (вкупно 14) предлози за статутарни промени и ревидирани административни правилници за работењето на канцеларијата на Сојузот, како и опсегот на обврски и дејствување на членовите на канцеларијата.

Сојузот креира прашалник во форма на самоевалуација врз база на прашалникот користен по завршување на обуката за градење капацитети. Истиот тој беше врз база на процедурите и правилниците на Сојузот и прилагоден на локалните потреби на одредите членки.

Одржливост

Како резултат на целиот ангажман и вклученоста, управното и извршното тело на Сојузот ја зајакнаа кохезијата и со самото тоа се зголеми ефективноста. Секој член на Управниот одбор си разви портфолио на работа и работи во тесна врска со член на извршното тело - канцеларијата. Пристапот на партнерско дејствување и асистирање во иднина во првата половина на 2019 година донесе реални и видливи резултати, со што се зголеми влијанието на Управниот одбор врз канцеларијата и на канцеларијата врз Управниот одбор.

Со оглед на тоа дека мандатот на Управниот одбор е до почетокот на 2020 година, наредната година ќе се назначи нов управен одбор. Истиот тој управен одбор ќе помине низ фаза на едукација и доедукација, пренесување на инстуционалната меморија на организацијата од стариот на новиот управен одбор со цел да се задржи текот на работата. Тренингот за управен одбор е така дизајниран, што членовите на стариот управен одбор фасилитираат дел од сесиите на новиот управен одбор.

Постигнати резултати

Управниот одбор на Сојузот на извидниците на Македонија ги разбира своите обврски и улогата, принципите на добро управување и ефективно управува со организацијата на редовни седници.

Канцеларијата на Сојузот на извидниците на Македонија работи според уредени правила и процедури кои гарантираат ефективно спроведување на стратешките документи на организацијата.

Извидничките одреди, членките, работат и спроведуваат активности на локално ниво според утврдени процедури и правила кои се базирани на принципите на добро управување.

приоритетна област на делување

МЕДИУМИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА – СЕММ, СКОПЈЕ (semm.mk)

Мисија

Постигнување посилна поврзаност на членовите на сите тела на Советот за етика. Сите членови потребно е да имаат заедничко разбирање за вредностите на организацијата во сооднос со придонесот што ќе го имаат индивидуално во промовирањето и остварувањето на тие вредности. Ова ќе придонесе за развој на вештините на целиот тим, кој ќе биде мотивиран повеќе да се стреми кон ефективно остварување на заложбите на организацијата. Најголемата придобивка од ефикасното управување ќе биде флексибилноста на организацијата, која ќе овозможи јасна стратегија за иден настап и развој.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
6.091.711 денари	4.189.799 денари

Број на вработени:

12

име на проектот

ДО ПОГОЛЕМА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ПРЕКУ УЧЕСТВО И ИНКЛУЗИЈА

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
455.176 денари

Краток опис на проектот
Постигнување посилна поврзаност на членовите на сите тела на Советот за етика. Сите членови потребно е да имаат заедничко разбирање за вредностите на организацијата во сооднос со придонесот што ќе го имаат индивидуално во промовирањето и остварувањето на тие вредности. Ова ќе придонесе за развој на вештините на целиот тим, кој ќе биде мотивиран повеќе да се стреми кон ефективно остварување на заложбите на организацијата. Најголемата придобивка од ефикасното управување ќе биде флексибилноста на организацијата, која ќе овозможи јасна стратегија за иден настап и развој.

Подготвени продукти

- Анализа на процедурите за внатрешна поврзаност, постапки и механизми за внатрешна размена на информации.
- Стратегиски план за внатрешно поврзување на органите на СЕММ.
- Видео со наслов „Јавноста клучен партнер за ефективна саморегулација“.

Додадена вредност
Менторска поддршка за мониторинг и евалуација.

Одржливост

Преку фокусирањето на потребите и очекувањата на граѓаните се очекува надминување на јазот и недоразбирањата во однос на улогата на саморегулативното тело, додека пак преку запознавање на медиумите со протоколот и принципите на комуницирање од страна на СЕММ ќе се создаде добра платформа на поврзаност меѓу очекувањата на граѓаните, улогата на саморегулативното тело и враќање на довербата во работата на медиумите преку професионализација на нивната работа. Освен тоа, преку примената на иновативен пристап во натамошното работење ќе се овозможи засилена поддршка за функционирањето на ова тело, а особено од страна на медиумската заедница, граѓаните и партнерите. Транспарентноста и отчетноста во дејствувањето на организацијата ќе овозможат и подобрена комуникација и координација со други институции.

Постигнати резултати

Зголемени капацитети на органите на СЕММ за размена на информации и колективно одлучување.

Зголемена отчетност, транспарентност и одговорност кон граѓаните и општата јавност.

Зацврстување на соработката меѓу саморегулативното тело и граѓаните и општата јавност.

приоритетна област на делување

ЛГБТИ ПРАВА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ (s-front.org.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА СЕКСУАЛНИ И РОДОВИ МАЛЦИНСТВА, СКОПЈЕ

Мисија

Субверзивен фронт е граѓанска организација која ја ангажира заедницата во промоцијата на правдата, слободата и еднаквоста за сексуалните и родовите малцинства во Македонија преку принципите на отчетност, солидарност и вклученост.

Финансиски капацитет на организацијата во 2107 година

Приходи	Расходи
3.474.826 денари	2.771.537 денари

Број на вработени

9

име на проектот

КОН УНАПРЕДЕН ОДГОВОР НА ЕКСТЕРНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕКУ ЗАЈАКНАТА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
448.105 денари

Краток опис на проектот
Зајакнување на интерните организациски капацитети за унапредено справување со предизвиците од надворешното опкружување преку изработка и ревизија на внатрешни документи и правилници, изработка на стратешки план и ревизија на Статутот. Со изработката на дел од планираните документи организацијата внатрешно е многу постабилна. Со спроведување на правилниците работењето е поефективно.

Подготвени продукти

- Правилник за финансиско работење.
- Правилник за благајничко работење.
- Годишен наративен и финансиски извештај.
- Правилник за набавки.
- Правилник за работа и работни односи во организацијата.
- 3-месечен билтен на организацијата.
- Правилник за чување и циркулација на документацијата.
- Органограм на организацијата.
- Правилник за управување со постојаните средства во организацијата.
- Деловник за работа на Управниот одбор на организацијата.
- Стратешки план за 2019-2022.
- Извршување надворешна финансиска ревизија.
- Ревизорски извештај.

Додадена вредност

Извршување надворешна финансиска ревизија. Надворешна ревизиска куќа направи ревизија на финансиското работење на организацијата за 2018 година.

Одржливост

При постигнување на целта за поголема транспарентност и отчетност на организацијата ќе придонесеме за поголема доверба кон истата, како и зголемен ефект од нејзината работа. Со изработка на документите за организациско јакнење ќе придонесеме кон поголема професионалност на организацијата, зголемена одговорност, а со тоа и зголемено влијание кон сите засегнатите страни.

Постигнати резултати

Унапредено финансиско работење на организацијата. Изработката на Правилник за финансиска работа и Правилникот за работа со благајната со што се поставја темелите според кои ќе се извршуваат сите финансиски активности во организацијата.

Унапредени работни односи во организацијата. Структурата на организацијата е останата иста како и претходно, меѓутоа одговорноста на позициите е малку изменета. Се направи анализа за секоја позиција и се изнајдоа решенија како да се подобри ситуацијата со што се променија неколку работни позиции како и промена на Управниот Одбор на организацијата.

Унапредени стратегиски документи на организацијата. Се изработи стратешки план 2020-2022, се направи ревизија на веќе постоечките документи (кодекс на однесување на лица ангажирани на работни задачи во С-фронт, правилник за внатрешна и надворешна комуникација и органограм на С-фронт).

приоритетна област на делување

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ИЗБОР (izborstrumica.com)

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ, ЛЕКУВАЊЕ, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЦАТА ЗАВИСНИ ОД ПСИХОАКТИВНИ СУПСТАНЦИИ, СТРУМИЦА

Мисија

Со континуирана и посветена работа здружението „Избор“ цели кон самоодржливи и ефикасни програми и услуги за поддршка на маргинализираните групи за кои се залага преку стручни и иновативни практики.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
8.758.779 денари	8.226.829 денари

Број на вработени

27

име на проектот

ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ И ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА ИЗБОР

Период на спроведување
01.07.2018 – 31.12.2019

Реализирани средства
449.593 денари

Краток опис на проектот

Подобрување и реорганизација на внатрешните структури на управување на организацијата согласно принципите на добро владеење, олеснување и забрзување на постапката за реализација на промените кои се однесуваат на проширување на дејноста на здружението и дополнувањето на целите и задачите на здружението согласно стратешките определби до 2020 год.

Регулирање на транспарентноста, отчетноста, одговорноста и партиципативен и демократски начин на донесување одлуки.

Ревизија на веќе постоечките документи, правилници и системи за внатрешно управување и нивно подобрување.

Секое работно место е оформено и определено со опис на работните задачи и политики врз основа на принципите на еднакви можности, заслуги, транспарентност и промоција на личноста.

Подготвени продукти

- Деловник за работа на Собранието и на Извршниот одбор.
- Правилник за спречување и заштита од дискриминација.
- Правилник за спречување судир на интереси.
- Кодекс на Здружението и Социјалната установа ТЗ Покров.
- Правилник за однесување на практикантите.
- Правилник за службените патувања.
- Правилник за спроведување на јавните набавки.

Додадена вредност

Иновативно финансирање: презентација и кампања пред 5 успешни бизнис-компании за донирање средства за правна канцеларија за давање бесплатна правна помош (план за прибирање средства - иновативно финансирање).

Менторска поддршка за подобрување на организациската структура, измени и дополнување на основните организациски документи и прашања од областа на работните односи и раководење со човечките ресурси.

Одржливост

Структурирана е појасна организациска шема, политики и практики како претпоставка за да се појаснат улогите на секое ниво и да се избегнат двосмисленост. Со ваквите промени организацијата ќе осигура јасна, спроведлива политика за редовна ротација на членовите во релевантните тела. Надзорниот одбор ќе се вклучи редовно во состаноците, како што е дефинирано и предвидено со Статутот. Инкорпорирани се и принципите на разновидност и рамнотежа помеѓу родовите со подеднакво учество во раководењето со организацијата.

Нашата организација како резултат на спроведувањето на економските активности спроведедни во терапевтската заедница „Покров“ во делот на органското производство креира нови работни места за претставниците од целните групи и создава услови за нови волонтери. Од тие причини направени се попрецизни описи на работни места за секоја позиција и преглед на барањата за човечки ресурси врз основа на новите стратешки потреби на организацијата. Ова е добра основа врз која се дефинирани задачите и поделбата на одговорностите на вработените, членовите на Одборот и волонтерите.

Постигнати резултати

Подобрени внатрешните системи преку хармонизација и ревидирање на постоечките процедури, правилници за добро управување во нашата организација (преку 13 правилници).

Почитување на практиките, процедурите и правилниците кои се усвоени од организацијата и по завршувањето на проектот.

Поголемо задоволство и мотивација кај вработените во организацијата (10 нови работни места - 4 волонтери, одржани 2 „тим-билдинг“ работилници и 2 обуки за финансиско работење)



приоритетна област на делување

СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ (ckgs.org.mk)

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мисија

Црвен крст на Република Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

Финансиски капацитет на организацијата во 2107 година

Приходи	Расходи
81.863.209 денари	80.479.620 денари

Број на вработени

216

име на проектот

СО ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ДО ПОГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
455.600 денари

Краток опис на проектот

Проектот на Црвен крст на град Скопје даде придонес во делот на зајакнување на капцитетите на организацијата во делот за транспарентно и отчетно работење, ревизија на постоечките правилници (внатрешни процедури за работење), како и системи за внатрешно управување и нивно подобрување. Со реализираните активности најголем исчекор се направи во делот на финансиското и административното работење, дел кој ги опфаќа и кадровската евиденција, систематизацијата, пресметките и сл. Исто така поврзани ќе бидат внатрешните оддели на организацијата (магацинскиот простор „Момин поток“ и продавницата за облека „Копче“), што води кон координиран пристап, систематизација на резултатите и нивна поголема достапност.

Подготвени продукти

- Ново финансиско софтверско решение – „Пантеон“.
- Креирани нови и приспособување на постоечките внатрешни правилници/процедури за финансиско, материјално, магацинско, административно и сметководствено работење (6 правилници).

Додадена вредност

Од почетокот на 2018 година, креиран беше нов документ за индивидуална евалуација за вработените лица во Црвен крст на град Скопје, која ќе се реализира на секои шест месеци.

Одржливост

Користењето на новото софтверско решение „Пантеон“ е долгорочно, и истото може многу лесно да се надградува доколку се појави потреба од истото. Податоците се складирани во меморијата на податоци, со што се унапредува и процесот на архивирање кое е многу важно во процесот на дејствување на граѓанските организации. Од друга страна, вработените лица и практиканти во Црвен крст на град Скопје се стекнаа со знаења и вештини кои ја олесниј нивната работа, се подига степенот на продуктивност, внатрешната комуникација, како и процесот на управување со организацијата. Со воведувањето на внатрешните системи и процедури за добро управување, организацијата ќе обезбеди гаранција за своето работење кон своите донатори и крајните корисници. Во насока на одржливост на проектот, Црвен крст на град Скопје склучи договор за месечно одржување (поддршка за користење на „Пантеон“) со фирмата „Даталаб“ која го инсталира пакетот и реализира обуки за вработените.

Постигнати резултати

Подобрени процедури за работа на Црвен крст на град Скопје за навремен и соодветен одговор на потребите на населението, еден информативен состанок и пет работилници со 30 вработени лица и практиканти во Црвен крст на град Скопје за дефинирање на потребите за унапредување на работата.

Зајакнати организациски и човечки капацитети, транспарентност во работењето и отчетност (инсталирано софтверско решение во кое интегрирани се повеќе области од работењето на организацијата; реализирани четири работни средби со изведувачот на софтверското решение; спроведена обука за 10-15 лица на различни нивоа за користење на софтверот, а изготвени беа и прирачници за негово користење; наполнета база на податоци).

Саморегулација на работењето (работна група од десет лица од Црвен крст на град Скопје кои работеа на десет формати за известување кои кореспондираат со софтверот, како и доработка и приспособување на шест правилници од Црвен крст на Република Северна Македонија).

приоритетна област на делување

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

МЕЃАШИ (childrensembassy.org.mk)

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ, СКОПЈЕ

Мисија

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ги застапува и заштитува правата на децата , поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
13.651.933 денари	11.898.293 денари

Број на вработени

10

име на проектот

КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ РАЗВОЈНА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИНТЕРНИТЕ ПРОЦЕСИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ

Период на спроведување
01.07.2018 – 30.06.2019

Реализирани средства
461.201 денари

Краток опис на проектот
Првата детска амбасада во светот Меѓаши во рамките на проектот направи ревизија на внатрешното работење и воведе многу нови начини на работење, процеси и процедури. Воспоставививме внатрешна развојна структура преку која се дефинирани не само позициите и поставеноста на вработените во организацијата, туку се утврдени и комуникациските канали, утврдени се нивоата во организацијата, систематизирана е секоја позиција преку описи на работните позиции и систематизација на платите, надополнета со евалуација на вработените со цел утврдување на учинокот и фокус кон кариерен развој.

Подготвени продукти

- Правилник за работните односи.
- Внатрешен правилник за набавки.
- Правилник за распределба на средствата од економски и донаторски активности.
- Ревидиран стратегиски план 2019-2020.
- Организациска систематизација на плати.
- Протокол за организациск акомуникација.
- Протокол за спроведување евалуација.
- Систематизација на работните места.
- Развој на организациска структура со дефинирани позиции и нивоа.

Додадена вредност

Дополнително на планираното, се воведоа и деловници за работа на управните тела и оперативната канцеларија, се направи протокол за спроведување на евалуацијата, како и друга пропратна документација која беше потребна, но не и планирана.

Менторска поддршка за предлагање и споделување искуства од користење одредени сметководствени програми.

Одржливост

ПДАС Меѓаши настојува да биде проактивна организација отворена за соработка и споделувања на знаењата. Со јакнење на организацијата и капацитетите и воспоставување нови правила и процедури и начини на работење ќе придонесеме и кон подобро и потранспарентно работење на организацијата и ќе влијаеме кон поттикнување на други ГО во следење на оние активности кои придонеле кон добри резултати и практики од корист за ГО.

Постигнати резултати

Нова организациска структура што ги опфати моменталните констелации, стратешките цели и потребите за проектно работење.

Нова систематизација што ги опфати клучните вредности на организацијата, потребите за кариерен развој и принципите на талент- менаџмент.

Систем од процедури и јасно дефинирани комуникациски канали што ќе овозможат ефикасно и ефективно работење.

Воспоставен систем за мониторинг и евалуација преку кој се следи и оценува кариерниот развој и работењето на секој вработен.

Планско, транспарентно и јасно трошење на финансиските средства обезбедени од вонпроектни активности по усвоените правила за трошење.

Зголемен број на волонтери, зајакнати капацитети и ангажман во активностите на амбасадата, како и создавање база на волонтери за понатамошен професионален ангажман.

План за развој и организациска одржливост и „перформанс-менаџмент план“ (PMP).

Креирање, усвојување и спроведување – постапување по правила и процедури наведени во документот „Интерна процедура за набавки“.

приоритетна област на делување

ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

АЛДА СКОПЈЕ

АСОЦИЈАЦИЈА НА АГЕНЦИИТЕ ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

www.facebook.com/aldaskopje/?ref=nf

Мисија

АЛДА ги поддржува граѓаните и групите на граѓани во нивните иницијативи насочени кон подобрување на нивниот локален контекст, градење мостови со локалните власти со цел промената да стане реална.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
7.348.786 денари	6.099.404 денари

Број на вработени

10

име на проектот

УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУКТУРАТА ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ НА АЛДА СКОПЈЕ

Период на спроведување
01.07.2018 - 30.06.2019

Реализирани средства
461.238 денари

Краток опис на проектот
Подобрување на капацитетите за управување на АЛДА Скопје во согласност со демократските принципи на добро владеење, транспарентност и отчетност преку активности за ревизија на постоечките документи и правилници за работата на АЛДА, јакнење на капацитетите на канцеларијата на АЛДА Скопје за применување на усвоените документи за добро внатрешно раководење и менторство од страна на АЛДА Скопје кон други помали организации.

Подготвени продукти

- Изготвен електронски благајнички извештај.
- Правилник за канцелариско работење на АЛДА Скопје.
- Дигитален деловодник.
- Матрица за стратешки план за развој.

Додадена вредност
Менторска поддршка за организациска структура и мониторинг и евалуација.

Одржливост

АЛДА Скопје ќе продолжи да ги промовира придобивките од проектот со градење капацитети на граѓанските организации за отчетно и транспарентно раководење, како и подигање на свеста кај остатокот од граѓанскиот сектор и поширокатa јавност за принципите на добро владеење на локал но ниво.

Постигнати резултати

Подобрување на внатрешното управување на АЛДА Скопје преку подобрување на постоечките документи и правилници за внатрешно управување и нивно прилагодување на македонски јазик за потребите на канцеларијата на АЛДА Скопје.

Воспоставени современи одредби во организациските документи за транспарентност и отчетност во работењето на АЛДА Скопје во согласност со позитивните законски практики во Македонија.

Развиен стратешки пристап во работата на АЛДА Скопје врз основа на консултации со конституторите, преку спроведените активности за стратешко планирање.

Развиени документи и правилници за управување со финансиски процедури наменети за канцеларијата на АЛДА Скопје на македонски јазик, во согласност со позитивните финансиски практики на АЛДА Европа.

Зајакнати капацитетите за добро управување и раководење на два младински информативни центри во Прилеп и во Кавадарци.

2

ГРАНТОВИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

приоритетна област на делување

ДОБРОВОЛЕН ПРОТИВПОЖАРЕН СЕКТОР

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО СВЕТИ НИКОЛЕ (dpd.org.mk)

Мисија

ДПД Свети Николе работи на заштита на животната средина и природата од пожари и други штетни влијанија на доброволна основа преку едукација и координација на граѓаните при директни акции и интервенции.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
424.059 денари	61.404 денари

Број на вработени

1

име на проектот

РАБОТИ НА СЕБЕ ЗА ДА МОЖЕШ ДА ИМ ПОМОГНЕШ НА ДРУГИТЕ!!!

Период на спроведување
01 јуни 2019 – 30 октомври 2019

Реализирани средства
180.637 денари

Краток опис на проектот
Зајакнување на капацитетите на организацијата за транспарентно работење на повеќе нивоа: подобрување на практиките за транспарентно наративно и финансиско известување на годишно ниво, подобрување на алатките за отворена и јасна комуникација со конституторите преку објавување годишен извештај, ревизирски извештај, отворени денови, подобрена и појасна веб-страница, изработка на промотивно видео за поголема препознатливост и видливост на работата на ДПД во локалната средина и пошироко.

Подготвени продукти

- Годишен наративен и финансиски извештај за 2018 година.
- Извештај за евалуација на ДПД.
- Стратегиски план за периодот 2020-2025 година.
- Ревизорски извештај.
- Промотивно видео за работата на ДПД.
- Редизајнирана веб-страница.

Додадена вредност
За прв пат оваа година од своето постоење ДПД изработи стратегиски план. Со овој стратегиски план ние ќе се посветиме на темелно менување на противпожарниот систем во Северна Македонија. Нашата цел е ние и другите доброволни друштва во државата да се вмрежиме и дејствуваме на национално ниво. На овој начин ќе успееме заеднички да воспоставиме стабилен и сигурен систем за спасување и заштита на населението и природата.од студиската посета во Загреб.

Одржливост

Одржливоста на проектот, како и целата улога понатаму ќе ја имаат обучените конститутори и раководните структури на организацијата. Тие ќе иницираат, организираат и реализираат активности врз основа на направената стратегија за периодот 2020-2025 и организациската евалуација со цел транспарентно и отчетно информирање за работата на организацијата.

Постигнати резултати

Зајакнати капацитети на 10 членови од извршните и одлучувачки тела на ДПД со знаења и вештини за транспарентно и отчетно работење и известување.

Детектирани недостатоци и можности во работењето на ДПД и како да се трансферираат во развојна стратегија

Креирани нови и унапредени веќе постоечки алатки за презентирање на работата на ДПД и информирање на конституентите.

приоритетна област на делување

НАУКА, ОБРАЗОВАНИЕ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЛЕАД (lead.org.mk)

ЛИДЕРИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, АКТИВИЗАМ И РАЗВОЈ, СКОПЈЕ

Мисија

Да ја идентификува и да одговори на секоја ситуација и потреба во општеството преку креирање институционална промена, граѓанско образование, поттикнување граѓански активизам и обезбедување простор за личен и социјален развој.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година:

Приходи	Расходи
775.568 денари	797.024 денари

Број на вработени

2

име на проектот

ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА ПРЕКУ КОМУНИКАЦИСКИ ПРИСТАПИ И МЕХАНИЗМИ

Период на спроведување
01.06.2019 – 31.01.2020

Реализирани средства
244.451 денари

Краток опис на проектот
Подобрување на практиките за видливост и транспаретно работење на организацијата и нејзините проекти преку изработка на нова веб-страница и структурирање на пристапот на комуницирање на организацијата со нејзините целни групи, институции и јавноста преку изработка на комуникациска стратегија, како и воспоставување практика на месечни известување преку билтени кон јавноста со објави на нашата веб-страница.

Подготвени продукти

- Комуникациска стратегија.
- Организациска веб-страница.
- Брошура и каталог за брендирањена организацијата.
- 2 кратки видеа за промоција на организацијата.
- Билтен за информирање на јавноста и конституторите на ЛЕАД.

Додадена вредност
Изработен водич за брендирање на организацијата кој дополнително ја унифицира нејзината видливост.

Одржливост
Овој проект можеме да го оцениме како еден од највлијателните за нашата организација бидејќи придонесе за унифицирање и стандардизирање на процесите кои ќе ни користата и во иднина.

Комуникациската стратегија ќе ни овозможи да имаме стратешки пристап кон нашите конститутори. При започнувањето на изработката на истата направивме краток процес на согледување на нашите силни и слаби страни во однос на комуницирањето со јавноста, што во голема мера ни помогна во одредувањето на идната насока. Исто така ќе ни овозможи да имаме стратешки пристап кон нашите целни групи преку идентификација на нивните потреби.

Постигнати резултати

Креирана Комуникациска стратегија на организацијата.

Изградени капацитети за јасно и ефикасно комуницирање со јавноста.

Креирана функционална и ефективна веб-страница на организацијата.

Креирани 2 кратки видеа за промоција на организацијата, нејзината визија, мисија, цели, како и главните достигнувања.

Креиран систем за поголема транспарентност и отчетност на организацијата во форма на периодичен билтен.

приоритетна област на делување

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЛГБТ ЈУНАЈТЕД (lgbtunited.org)

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕЗБЕЈКИ, ГЕЈ, БИСЕКСУАЛЦИ/КИ И ТРАНСЕКСУАЛЦИ/КИ, ТЕТОВО

Мисија

ЛГБТ Јунајтед Тетово е независна и непрофитна организација на ЛГБТИ луѓето во Македонија, на нивните фамилии, пријатели и поддржувачи кои активно придонесуваат кон целосно вклучување на ЛГБТИ популацијата во општеството.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
860.290 денари	851.787 денари

Број на вработени

4

име на проектот

ТРАНСПАРТЕНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА ПОДДРШКА ОД ЗАЕДНИЦАТА

Период на спроведување
01.09.2019 - 31.01.2020

Реализирани средства
226.900 денари

Краток опис на проектот
Преку овој проект вработените во ЛГБТ Јунајтед Тетово ги надоградија своите вештини за пишување годишни наративни и финансиски извештаи. Другите активности, како што се информативните денови во неколку градови во Северна Македонија, објавувањето на информативните текстови на веб-страницата на ЛГБТ Јунајтед Тетово, поделените материјали на информативните денови, придонесе директноЛГБТ Јунајтед Тетово да стане попрепознатлива, а со тоа се зголеми и поддршката од самата ЛГБТИ заедница кон ЛГБТ Јунајтед Тетово.

Подготвени продукти

- Годишен наративен извештај за 2019.
- Објавени 13 текстови.
- 300 информативни флаери.

Додадена вредност
Месечни прегледи на содржините на ЛГБТ Јунајтед Тетово од преку 3000 посетители. Зголемена посетеност на веб-страницата за 5000 посети.

Одржливост
Преку овој проект ЛГБТ Јунајтед Тетово организира обука за своите вработени и волонтери за пишување наративни и финансиски извештаи. Знаењата кои беа пренесени ќе бидат употребени и во наредните години за пишување годишни и проектни извештаи.

Веб-страницата на ЛГБТ Јунајтед Тетово со нејзиното надоградување со информативни текстови на повеќе јазици стана побогата и посетеноста значително се зголеми.

Постигнати резултати

Обучен кадар на ЛГБТ Јунајтед Тетово за отчетно и транспаретно работење кон корисниците, целните групи и јавноста преку пишување годишни наративни извештаи и објавен годишен наративен финансиски извештај (подготвен и објавен Годишниот извештај за 2019 година, обучени 3 вработени и 1 волонтер).

Поголема видливост на организацијата на локално ниво во градовите Тетово, Гостивар и Струга (објавени вкупно 13 текстови, од кои 2 на 5 јазици, 9 на 4 јазици и уште 2 текста само на еден јазик, вкупно 48 објави на веб-странаицта и 300 информативни флаери за работата на ЛГБТ Јунајтед Тетово.



приоритетна област на делување

РОДОВА ЕДНАКВОСТ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЛУЛУДИ (luludi.mk)

РОМСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЖЕНИ И МЛАДИ, СКОПЈЕ

Мисија

Да ја идентификува и да одговори на секоја ситуација и потреба во општеството преку креирање институционална промена, граѓанско образование, поттикнување граѓански активизам и обезбедување простор за личен и социјален развој.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
1.429.974 денари	1.429.974 денари

Број на вработени

3

име на проектот

ТРАНСПАРЕНТНОСТА КАКО ДЕЛ ОД ОДРЖЛИВОСТА НА РАЖМ ЛУЛУДИ

Период на спроведување
15.06.2019 – 14.11.2019

Реализирани средства
246.000 денари

Краток опис на проектот
Спроведување организациска ревизија за две календарски години која ќе креира услови за одржлив и долгорочен развој; зголемување на внатрешните (човечки) капацитети за подготовка на документи за транспарентно известување и воведување организациски практики за подготовка на документи за транспарентно известување.

Подготвени продукти

- Два организациски ревизорски извештаи за 2017 и 2018 година.
- Креирана листа на препораки за подобрување на организациското работење, согласно спроведената организациска ревизија.
- Два годишни наративнии финансиски извештаи за 2017 и 2018 (подготвени и објавени).
- Подготвен правилник на организацијата за подготовка на документи за транспарентно известување.
- Етички кодекс на Лулуди.

Додадена вредност

Со овој проект дополнително работевме на:

Ревидирање на програмата и програмските цели на РАЖМ Лулуди;

Ревидирање на веб-страницата и активностите кои Лулуди ги спроведува во изминатите две години;

Креирање комуникациска стратегија и креирање контакт-листи поделени на различни целни групи;

Креирање пристапница за организацијата и нејзиното публикување на веб-страницата.

Одржливост

На крајот на проектот и по спроведување на сите активности, увидовме дека постојат многу алатки и начини со кои може да се постигне транспарентност, поголема видливост кај засегнатите страни.

Досега се покажа дека преку обука креирана конкретно за организациските потреби на Лулуди и менторство на тимот, може да се постигне многу и за краток период. Документите кои ги добивме на крајот од овој процес ќе имаат огромна вредност во одржливоста на организацијата, како и стекнатите вештини и знаење на членовите на тимот на Лулуди.

Комуникациската стратегија ќе ни овозможи да имаме стратешки пристап кон нашите конститутори. При започнувањето на изработката на истата направивме краток процес на согледување на нашите силни и слаби страни во однос на комуницирањето со јавноста, што во голема мера ни помогна во одредувањето на идната насока. Исто така ќе ни овозможи да имаме стратешки пристап кон нашите целни групи преку идентификација на нивните потреби.

Постигнати резултати

Подготвени 2 организациски ревизорски извештаи за 2017 и 2018 година, со позитивни наоди/заклучоци дадени од страна на овластениот ревизор.

Креирана листа на препораки за подобрување на организациското работење, согласно спроведената организациска ревизија.

Стекнати вештини за подготовка на финансиските и наративните извештаи на организацијата.

Подготвен правилник на организацијата за подготовка на документи за транспарентно известување.

Подготвен е етички кодекс како правилник за однесување на тим, членови, соработници на организацијата, потоа комуникациски план кој опфаќа правила и начини на известување кон различни целни групи.

Публикувани два годишни наративни и финансиски извештаи на организацијата.

приоритетна област на делување

МЛАДИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП (МСП)

(ycp.org.mk)

Мисија

Младинскиот совет Прилеп ги поддржува младите да учествуваат во демократските процеси, оспособувајќи ги да прераснат во активни граѓани.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
2.812.882 денари	727.867 денари

Број на вработени

4

име на проектот

АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПРАКТИКИ НА МСП

Период на спроведување
15.05.2019 - 31.12.2019

Реализирани средства
240.029 денари

Краток опис на проектот
Зголемување на капацитетите на МСП за потранспарентно известување и подобро информирани корисници (волонтери, младински работници, училишта и други општествени чинители) за работата на организацијата, преку промоција на активностите (обука, видео, отворен ден и промотивен настан) кои се покажаа многу успешни при што бројот на следбеници на социјалните мрежи се зголемил за 30%, а бројот на локални волонтери во организацијата се зголемил од 30 на 80 локални волонтери.

Подготвени продукти

- Видео со анимација за известување за организациските постигнувања.
- Промотивни флаери, алки, приврзоци, балони.
- Документ со препораки од младите за подобрување на транспарентноста и отчетноста на МСП за време на отворениот ден и промотивниот настан.

Додадена вредност

Дополнителна активност: работилница за креирање сценарио за видео бидејќи утврдивме потреба за тоа — да се консултираме со младите и со локалните волонтери за содржината на видеото, што даде дополнителна вредност на проектот и придонесе за подобрена комуникација на МСП со младите и нивна поголема вклученост во донесувањето одлуки во организацијата. На работилницата зедоа учество 15 локални волонтери, млади, персоналот на МСП и волонтерот на ЕВС од Франција.

Одржливост

Одржливоста ќе се постигне преку спроведување на барањата кои произлегоа од младите за подобрување на организацијата во однос на транспарентноста и отчетноста. Исто така, младите кои беа обучени ќе можат да ги применуваат вештините на долг рок во целокупниот нивни личен и професионален развој.

Постигнати резултати

Зајакнати капацитети на МСП за транспарентно известување (обучени 11 учесници).

Подобрено известување за организациските постигнувања (отворен ден на кој учествувале 180 млади и 31 учесник бил дел од работилница; 31 учесник на промотивниот настан; 34 добиени препораки за подобрување на транспарентноста собрани на отворениот ден и промотивниот настан; 35 објави на социјалните мрежи за проектни активности, видео со анимација споделено преку објава до 22.675 лица и 32 прегледи на YouTube).

приоритетна област на делување

МЛАДИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

МЛАДИТЕ МОЖАТ (youthcan.org.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИТЕ, СКОПЈЕ

Мисија

Нашата мисија е да ги поттикнеме младите луѓе да земат активно учество во развојот на нивната заедница преку социјална имладинска активност, како моќна алатка за креирање промени и да одговориме на личните потреби на младите и на потребите на заедницата.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
2.011.199 денари	1.711.342 денари

Број на вработени

4

име на проектот

МЛАДИ НА ИСТА ФРЕКФЕНЦИЈА

Период на спроведување
01.06.2019 – 30.11.2019

Реализирани средства
241.580 денари

Краток опис на проектот
Креирање комуникациска стратегија која ќе ја претставува комуникациската политика, принципите и пристапот на „Младите можат' во односите со јавноста преку определување на начините, алатките и пораките со кои ќе се пренесуваат информациите за работата на организацијата не само помеѓу примарната публика, туку и кај поширокаата јавност. Поната му, со креирање документ како план за алтернативно финансирање на активностите на „Младите можат" ќе се подобри идната одржливост на организацијата. Исто така преку проектните активности - видео, текст и содржини со различни елементи на мултимедија ќе биде зголемена препознатливоста и видливоста на здружението. Капацитетите на „Младите можат" за транспарентно работење фундаментално ќе се зголемат.

Подготвени продукти

- Комуникациска стратегија.
- Три промотивни видеа.
- Годишна програма за алтернативно финансирање.
- Водич за лобирање и транспарентно мобилизирање средства и ресурси.
- База на компании поддржувачи.

Додадена вредност
Промовирање на проектните активности и споделување на стекнатите искуства за транспарентно работење на национално и на меѓународно ниво. Зголемено вмрежување преку вклученоста во другите активности кои се дел од програмата „Одржливо граѓанско општество - државно финансирање на ГО".

Одржливост

Некои од продуктите од овој проект ќе бидат користени во следните 5 години. Таков продукт е комуникациската стратегија која е направена за периодот 2020–2024 заедно со стратешкиот план на „Младите можат“. Дополнително, планот за алтернативно финансирање кој е еден од продуктите на овој проект ќе биде користен во 2020-тата година. Планот всушност претставува основа за пристапување и стекнување бизнис-партнери и поддржувачи на „Младите можат“ што може да се спроведува во следните неколку години со мали измени што ќе соодветствуваат на општествената клима.

Идните активности на „Младите можат“ ќе бидат потранспарентни и повидливи со што ќе се зголеми и општествената препознаеност на активностите на „Младите можат“, а со тоа и квалитетот на истите. Организациската култура на „Младите можат“ е збогатена со уште една пракса на транспарентност и отчетност и поголем капацитет за видливост на активностите.

Постигнати резултати

- *Усвоена комуникациска стратегија на организацијата, за унифицирано пренесување пораки до јавноста и кон младите.*
- *Изготвени документи за редовно месечно известување.*
- *Дисеминирана комуникациска стратегија за унифициран пристап до сите тела.*
- *Креирани и дисеминирани три видеа за промоција.*
- *Креирана програма за дисеминирање и видливост на успешните приказни.*
- *Стекнати знаења, алатки, методи и начини за поголема видливост на активностите (одржана обука, 10 учесници).*
- *Подобрени практики за известување и видливост на организациските програми и проекти, активности, резултати и мобилизирани средства.*
- *Усвоена годишна програма за алтернативно финансирање на активностите.*
- *Креиран и дисеминиран водич за лобирање и транспарентно мобилизирање средства и ресурси потребни за организирање на годишната програма.*
- *Креирана база на компании, годишни поддржувачи на активностите.*

приоритетна област на делување

ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО И ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА СТРУГА (ccstruga.mk)

Мисија

Мисијата на организацијата е да служи како катализатор на локалната демократија во општина Струга и југозападниот регион.

Финансиски капацитет на организацијата во 2017 година

Приходи	Расходи
1.873.400 денари	1.766.401 денари

Број на вработени

3

име на проектот

ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ - ПРОЕКТ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Период на спроведување
01.06 - 31.10.2019

Реализирани средства
226.380 денари

Краток опис на проектот
Унапредување на својата транспарентност и прикажување отчетно работење пред своите основачи и локалната заедница, како и осигурување транспарентно работење преку воведување нови процедури за задолжително годишно известување во иднина и објавување на организацискиот ревизорски извештај.

Подготвени продукти

- Годишен извештај за 2018 година.
- Промотивен флаер за активностите на организацијата.
- Ревизорски извештај за 2018 година.

Додадена вредност

Преку ревизорскиот извештај се добија дополнителни препораки кои ќе се искористат за да се коригираат грешките во работењето на организацијата и понатаму да се воспостави стандарден систем за известување пред државните органи.

Одржливост
Воспоставената практика за транспарентно работење ќе овозможи зголемување на довербата кон организацијата, од заедницата, партнерите и донаторите. На нашата веб-страница ќе се постави ново мени за објавување на годишните извештаи и годишните планови. Целосното реализирање на проектините активности овозможи јакнење на

капацитетите на организацијата за транспарентно работење, а вештините и стекнатите знаења ќе бидат корисни во текот на понатамошната работа на организацијата.

Постигнати резултати

Унапредена транспарентност при трошењето на финансиските средства и информирање за резултатите од спроведените активности.

Поголема информираност на заедницата преку презентација на активностите, постигнатите резултати, добрите пракси и успешните приказни.

Надворешна ревизија и верификација на трошењето на средствата.

приоритетна област на делување

РАБОТА СО МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЕДНА МОЖЕ! (onecan.org.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ, СКОПЈЕ

Мисија

Мисијата на здружението е да работи на ефективна промоција и поддршка во остварување на правата на девојките и жените, со акцент на унапредување на правата на самохраните родители и еднородителските семејства.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
740.658 денари	609.485 денари

Број на вработени

1

име на проектот

ЗА СЕКОЈА ЕДНА!

Период на спроведување
01.06.2020 - 31.12.2020

Реализирани средства
243.552 денари

Краток опис на проектот

Предлог-проектот овозможува методологија која ја документира работата, проектите и активностите на „Една може!“ во писмена форма и ја става на располагање на јавноста преку образложение за нејзината политика и практика поврзана со девојки и жени од маргинализираните категории. Овие писмени образложенија ќе бидат вклучени во годишните финансиски извештаи и ќе бидат објавени во соодветни формати на социјални мрежи и на веб-страницата преку средствата за јавно информирање на организацијата.

Отворените денови и посетите на компаниите овозможуваат директна комуникација со засегнатите страни и со тоа се гради доверба и блискост што придонесува за постигнување на крајната цел на проектот – искрени, транспарентни, доверливи сојузништва кои ни се неопходни.

Подготвени продукти

- Евалуирана состојба преку најмалку 2 работилници за евалуација со вклучено членство на најмалку 5 присутни членки и експертски тим.
- Стратешки интерни документи за екстерно известување за транспарентно работење, за внатрешни процедури, правилници и политики,. преку десет (10) работилници за содавање на документи, со вклучено членство на над 5 присутни членки и експертски тим.
- Реализирани 2 работилници за известување и зајакнат тим и членство за јавно транспарентно известување, 10 присутни.
- Веб-страница во функција.
- 6 отворени денови за јавноста на годишно ниво и 6 објави за на социјалните мрежи и за на веб-страница за истите.

- Создадени и објавени 2 гласила, полугодишно и годишно со методологија спремна за сите следни години.
- Направени над 5 посети во компании или гостувања во „Една може!“ за поврзување со бизнис- секторот.
- Јавен настан за презентирање на постигнатото преку предлог- проектот, прес-објави на портали, ТВ емисија и радио станици.

Додадена вредност

Додадената вредност која ја добивме од реализацијата на овој проект е научените работи за транспарентно и отчетно работење, на целиот тим. Новите правилници и политики на организацијата ни овозможуваат лесно, јасно, недвосмислено фокусирано работење, нам и на сите кои приста-пуваат во организацијата, на многу лесен начин. Соработката која ја оства-руваме со конституторите од граѓанскиот сектор, од бизнис-секторот и со политичката фела, останува како додадена вредност и можност за идни мрежни постигнувања за родова еднаквост и инклузивно општество.

Одржливост

Воспоставувањето методологија за креирање годишно и полугодишно гласило, кое ќе биде своевиден транспарентен извештај за состојбата на еднородителските семејства ќе ни овозможи надзор и следење на состојбата, но и ќе информира и цели, транспарентно ќе дава отчет на целната група, институциите и бизнис-секторот.

Постигнати резултати

- *Евалуација на состојбата на транспарентност на „Една може!“.*
- *Креирани стратешки внатрешни документи за надворешно известување за транспарентно работење.*
- *Зголемени капацитети на тимот на „Една може!“ за јавно известување за транспарентно и отчетно работење.*
- *Создадена веб-страница.*
- *Организирани 6 отворени денови во годината за исвестување за работата на „Една може!“.*
- *Подготвено полугодишно и годишно гласило на „Една може!“ за севкупното работење.*
- *Информирана и мобилизирана бизнис-заедница за социјална одговорност кон „Една може!“.*
- *Јавно презентирани резултати од проектот.*

приоритетна област на делување

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

СТАНИЦА П.Е.Т. (stanicapet.org.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ, СКОПЈЕ

Мисија

Да се остварат правните потреби на граѓаните преку поттикнување на отвореност и соработка на институциите.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
2.605.348 денари	1.875.207 денари

Број на вработени

5

име на проектот

ТРАНСПАРЕНТНО ДЕЈСТВУВАЊЕ ЗА ОТЧЕТНО ОДНЕСУВАЊЕ

Период на спроведување
01.06.2020 - 30.11.2020

Реализирани средства
244.893 денари

Краток опис на проектот
Проектот е за подобрување на транспарентноста и отчетноста на СТАНИЦА П.Е.Т. преку зајакнување на организациските капацитети за јасна и отворена комуникација со засегнатите страни.

Подготвени продукти

- Комуникациска стратегија.
- Ревизорски извештај за финансиското работење на организацијата за 2019 година.

Додадена вредност

Склучени два меморандуми за соработка со две локални граѓански организации за подобрување на транспарентноста на локално ниво.

Правилник за прибирање понуди во тендерска постапка.

Регистар на ризици.

Правилник за работењето на здружението.

Правилник за сметководство и сметководствени политики.

Одржливост
Проектот „Транспарентно дејствување за отчетно однесување“ влијаеше на подигнување на нивото на транспарентност, отчетност и видливост на целите и активностите на здружението, доближување до граѓаните

и другите засегнати страни, а посебно до донаторската заедница. Остварувањето на целите доведе до воспоставување одржлив систем на комуникација со сите засегнати страни што во иднина ќе придонесе за спроведување нови активности и проекти, воведување еден сеопфатен систем на отчетност и транспарентност на здружението и креирање рамка за понтамошно креирање ефикасни внатрешни процедури и правила. Преку јавно објавување на изработените документи за организацијата, очекуваме да се зголеми довербата на граѓаните, а со тоа и бројот на корисниците на услугите на здружението. Склучените меморандуми за соработка – остварената соработка со локалните граѓански организации, ќе доведе до подобрување на транспарентноста и на другите чинители во локалната заедница, а понатаму ќе се прават напори за заедничко влијание за зголемување на транспарентноста и отчетноста и на локалните институции.

Постигнати резултати

Зајакнати организациски капацитети за јасна и отворена комуникација со засегнатите страни.

Подобрени организациски практики за транспарентно известување за постигнувањата и резултатите.

приоритетна област на делување

МЕДИУМИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

МЕДИУМ (mediumcenter.mk)

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА МЕДИУМИТЕ
НА ЗАЕДНИЦИТЕ МЕДИУМ, ГОСТИВАР

Мисија

МЕДИУМ дава особен придонес за зајакнување на капацитетите на новинарите од заедниците.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
6.424.700 денари	5.559.058 денари

Број на вработени

5

име на проектот

МУЛТИМЕДИЈАЛНА МЕДИУМСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Период на спроведување
01.06.2020 – 30.11.2020

Реализирани средства
244.700 денари

Краток опис на проектот
Главната цел на проектот е МЕДИУМ да се оформи како препознатлива и отчетна граѓанска организација пред своите поддржувачи. Со имплементацијата на проектот се зајакнуваат капацитетите на тимот на МЕДИУМ за одговорно известување за својата работа пред поширокаата јавност. Бидејќи современиот начин на комуникација бара познавање на можностите и алатките кои ги нудат социјалните медиуми, преку спроведувањето на проектните активности МЕДИУМ употребува пораки, слики и видеа кои ги опфаќаат постигнатите цели на организациско ниво. Со ова всушност од една страна тимот се надоградува со знаење поврзано со употреба на актуелни мултимедијални алатки, а од друга страна се зголемува и довербата кај целните групи за заложбите кои влијаат кон постигнување на реални промени во општеството.

Подготвени продукти

- Годишен наративен извештај за 2019 година.
- Видео за организациските постигнувања.
- Видео за придонес кон истражувачкото новинарство и медиумска писменост.
- Инфографици (мисија и визија на здружението, организациски вредности, поддршка во областа на истражувачкото новинарство, придонес кон медиумската писменост и публикации).

Додадена вредност
Општата и специфичната цел, а и резултатите кои се постигнаа со имплементација на оваа акција ја зајакнаа севкупната транспарентност и отчетност на МЕДИУМ. Земајќи го во предвид зголемувањето на бројот на

поддржувачи на МЕДИУМ на социјалните мрежи, секако сме чекор поблиску кон препознатлива организација која ужива доверба кај своите конституенти, целни групи и донатори.

Одржливост

Многу е важно што овој проект овозможи брз и лесен трансфер на знаењата и вештините на други проекти. МЕДИУМ се здоби со знаења за прибирање и обработка на организациски информации и постигнувања и нивно прикажување во електронски формат, подготовка на слики и видео содржини преку користење на мобилен телефон и камера, прикажување на кадри и перспективи, употреба на светлина и монтажа преку достапни алатки, графичка подготовка, визуализации и рекламирање при спроведување на други активности, публикации и комуникации со институции и граѓани. Зајакнатите капацитети за снимање видеа, како и допадливо фотографирање ќе овозможи максимизирање на потенцијалот на МЕДИУМ при известување за активностите на акциите.

Постигнати резултати

МЕДИУМ има подобрени капацитети за транспарентно и отчетно известување на проектните резултати преку употреба на мултимедијални алатки.

МЕДИУМ во рамки на проектот организираше спроведување на три in-house работилници, од кои едната беше за прибирање и обработка на организациски информации и постигнувања и нивно прикажување во електронски формат, другата за подготовка на слики и видео содржини преку користење на мобилен телефон и камера и прикажување на кадри и перспективи, како и употреба на светлина и монтажа преку достапни алатки, а третата за подготовка на инфографици и пити, таргетирање публика, контент менаџмент и рекламирање на социјалните медиуми. Тимот на МЕДИУМ изработи годишен наративен извештај за работењето на здружението за 2019 година, две видеа од кои едното се однесува на досегашните организациски постигнувања, а другото на придонесот за развој на истражувачкото новинарство и медиумската писменост, како и пет визуализации односно инфографици.

МЕДИУМ целисходно ги користи социјалните медуми за промоција и комуникација на резултатите пред публиката.

МЕДИУМ исто така целеше кон зголемување на број на следбеници на социјалните медиуми, па мораме да потенцираме дека овој број ги надминува претходно планираните 30%, и изнесува вкупно 59.39% кои се резултат на интензивната онлајн кампања и таргетирано објавување на содржини.

приоритетна област на делување

МЛАДИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

НАДЕЖ – HOPE (hope.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ, МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Мисија

Здружението „Надеж – Hope“ од Македонска Каменица, како своја мисија за работа си ја има поставено развојот на младинскиот активизам и јакнење не демократските капацитети во општеството како на локално така и на регионално и национално ниво.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
620.625 денари	360.100 денари

Број на вработени

1

ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

име на проектот

„ЧЕКОРИМЕ НАПРЕД“

Период на спроведување
01.06.2020 - 31.10.2020

Реализирани средства
242. 230 денари

Краток опис на проектот
Проектот „Чекориме Напред“, имаше за цел да ја зголеми финансиската транспарентност на здружението „Надеж – Норе“ од Македонска Каменица, да ја подобри нашата видливост на интернет просторот како и да ја подобри внатрешната организациска структура на самата организација.

Подготвени продукти

- Правилник за организација на работата и работните задачи во здружението.
- Акт за систематизација на здружението.
- Органограм на здружението.
- Правилник за финансиска транспарентност и отчетност на здружението.
- Нови обрасци за наративен и финансиски извештај на здружението.
- Декларација за родова еднаквост на здружението.
- Изработена е нова веб страна на здружението.

Додадена вредност
За време на проектот, здружението „Надеж – Норе“ за прв пат во својата работа усвои свои програми за понатамошна работа и на истите назначи програмски координатори. Исто така со проектот значително се зајакна нашата внатрешна организација, како и нашите финансиска транспарентност како и видливост на интернет просторот.

Одржливост

Со завршетокот на проектот, како ЗГ „Надеж - Норе“ можеме да кажеме дека:

- Прераснуваме во здружение, со јасни програмски приоритети (програми за работа), кои се усвоени од страна на собранието, со назначени програмски директори на соодветните програми.
- Прераснуваме во здружение, со јасна систематизација, органограм, и усвоен правилник за организација на работата и работните задачи во здружението.
- Прераснуваме во здружение со декларирана родова еднаквост.
- Прераснуваме во здружение со усвоени цврсти практики за финансиска транспарентност и отеченост, кое што сите свои финансиски и наративни извештаи, годишни програми за работа и останати декларативни и стратешки документи ги има објавено јавни, на својата веб страна.
- Прераснуваме во здружение, кое отпочинува процедура за регистрација како организација а млади, со нова веб страна која има младешки интерфејс, која како такви на современ начин ќе ги презентира нашите активности поврзани со младинската и природната перспектива во регионот.

Постигнати резултати

- *Усвоени се правилник за организација на работата и работните задачи во здружението, како и акт за систематизација и органограм на самото здружение.*
- *Усвоен е правилник за финансиска транспарентност и отчетност на здружението, при што се изработени нови обрасци за наративен и финансиски извештај.*
- *Изработена е нова веб страна на здружението, при што сите горе наведени документи се закачени на самата веб страна.*
- *Усвоена е декларација за родова еднаквост на здружението.*

приоритетна област на делување

КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

КУЛТ-ТРАНЗЕН (tranzen.com.mk)

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ, СТРУМИЦА

Мисија

Мисија на организацијата е да даде придонес во развојот на културата и креативни индустрии на целата територија на Република Северна Македонија.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
1.516.980 денари	1.432.730 денари

Број на вработени

4

име на проектот

ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ПОГОЛЕМА ДОВЕРБА

Период на спроведување
01.06.2020 - 01.12.2020

Реализирани средства
216.664 денари

Краток опис на проектот
Општата цел на проектот е да се зголеми транспаретноста и отчетноста на организацијата преку јакнење на внатрешните капацитети на организацијата за развивање на алатки за подобро информирање во јавноста. Релеватноста на овој проект е во контекст со исполнување на целите и резултатите конкретно на овој повик а тоа е да се овозможи зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за транспарентно работење. Проектот на организацијата и овозможува поголемо практикување на транспаретно и отчетно информирање на јавноста, а со тоа организацијата има множност да стане поефикасна и поуспешна во реализацијата на своите проекти и активности и на тој начин да стекне доверба не само кај јавноста туку и кај своите конституенти.

Подготвени продукти:

- Редизајнирана и направена по квалитетна веб-страна која ќе ја подобри и зголеми видливоста и транспарентноста на организацијата.
- Спроведено истражување за самопроценка на организацијата преку вклучување на конституентите во донесување на одлуки на организацијата и ја зголемивме комуникација помеѓу организацијата и нејзините конституенти и нивно понатамошно вклучување во донесувањето на одлуки во организацијата.
- Изработени документи за финансиско и административно работење од страна на консултант.
- Спроведени обуки за транспаретност и отчетност, подобрување на нејзините внатрешни системи и процедури за известување и користење на он-лине алатки за подобрување на транспаретност и отчетноста на организацијата.

Додадена вредност

Овој проект на организацијата и овозможи да ги зајакне своите капацитети во однос на транспаретноста и отчетноста кон јавноста и своите внатрешни системи и процедури за известување. Исто така преку редизајнирање на веб-страната и преку развивање на разни он-лине алатки за отчетност и транспаретност се зголеми видливоста и препознатливоста на организацијата во јавноста, а тоа ќе придонесе кон подобрување на севкупното работење на организацијата. Со овој проект се овозможи на организацијата полесно да биде препознаена и од своите констиуенти и од донаторите и бизнис секторот од една страна, додека од друга страна ќе го зголемиме нашето влијание во јавноста за делување во контекст на промена на јавните културни политики.

Одржливост

Овој проект и овозможува на организацијата полесно да биде препознаена и од своите констиуенти и од донаторите и бизнис секторот од една страна, додека од друга страна го зголемува нашето влијание во јавноста за делување во контекст на промена на јавните културни политики, стекнување на нови партнерства како институционални и вон-институционални и подобрување на амбиентот во целокупниот развој на културата во државата. Добиените резултати од истражувањето на организацијата ќе и послужат во иднина во концепирање на нејзините стратешки определби, годишни планови и анализи. Ваквиот начин на креирање на своите приоритети во работењето ќе бидат користени и во понатамошната работа на здружението.

Постигнати резултати

Краткорочни резултати:

Редизајнирана постоечка веб-страница на организацијата;

Спроведено истражување за самопроцена на организацијата преку вклучување на конституторите во донесувањето одлуки на организацијата;

Организирани четири обуки за јакнење на капацитетите на организацијата за зголемена транспарентност и отчетност, подобрување на нејзините внатрешни системи и процедури за известување и користење на он-лајн алатки за подобрување на транспарентноста и отчетноста на организацијата.

Долгорочни резултати:

Зголемена видливост, препознатливост и транспарентност на организацијата;

Зголемена комуникација помеѓу организацијата и нејзините конститутори и нивно понатамошно вклучување во донесувањето одлуки во организацијата;

Зајакнати капацитети на организацијата за транспарентност и отчетност и подобрени нејзните внатрешни системи и процедури за известување и користење на он-лајн алатки за подобрување на транспарентноста и отчетноста на организацијата.

приоритетна област на делување

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ЗДРУЖЕНИЕ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ (ОЖОСВН) womsvetinikole.org.mk

Мисија

ОЖОСВН активно работи за подобар квалитет на живот на граѓаните и граѓанките и почитување на човековите права со акцент на правата на жените и девојките.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
3.982.553 денари	2.213.259 денари

Број на вработени

5

ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

име на проектот

ТРАНСПАРЕНТОСТА КАКО ПОЛИТИКА ЗА ГРАДЕЊЕ ДОВЕРБА

Период на спроведување
01.06 - 31.08.2020

Реализирани средства
234.207 денари

Краток опис на проектот
Со реализација на овој предлог проект поставивме добра основа за поголема транспарентост и информираност на нашите конституенти за работата на организацијата, како и поголема видливост на акциите, активностите, настаните и постигнувањата како резултат од делувањето. Преку интерактивен, партиципативен и инклузивен пристап се креираа нови и унапредија веќепостоечките организациски документи и се креираше нова веб страна како еден од каналите за подобра комуникација и транспарентност кон конституентите.

Подготвени продукти

- Деловник за работа на Управниот одбор.
- Деловник за работа на Собранието.
- Прирачник за финансиски процедури.
- Прирачник за раководење со човечки ресурси.
- Нова веб-страница (www.womsvetinikole.org.mk).
- Комуникациска стратегија.
- Информативни флаери за ОЖОСВН.

Додадена вредност

Додадена вредност при реализацијата на проектот е дека сите активности беа реализирани на партиципативен начин вклучувајќи различни конституенти. Додадена вредност на резултатите и продуктите од проектот е тоа што преку подобрена транспарентост и информираност, ОЖОСВН со својата работа ќе допре до различни групи на граѓани, ќе ја подобри нивната доверба, но и ќе привлече нови соработници, поддржувачи и членови.

Одржливост

Со постигнувањата на целите од проектот, остварување на предвидените резултати и доследно имплементирање на предвидените активности значително ќе се влијае на унапредување на работата на ОЖОСВН, поголема транспарентост, поголема видливост и отвореност на организацијата, како и стратешка комуникација со конкретни целни групи и приоритетни конституенти. Преку произлезените продукти ОЖОСВН ќе биде потранспарентна и отчетна кон сите свои конституенти и на тој начин ќе влијае на подобрувањето на довербата на конституентите кон организацијата, задржување и привлекување на донатори, фондации, соработници, партнери, како и подголема отчетност кон членството, волонтерите, целните групи.

Постигнати резултати

Подобрени и унапредени политики за работа, видливост и транспарентност на ОЖОСВН.

Унапредени методи за видливост и комуникација на ОЖОСВН до сите конституенти.

Предвидените резултати во рамките на проектот се базираат на конкретни продукти (веб страна, правилник за работа, комуникациска стратегија). Истите, во целост се исполнија и во одредена мера надминаа.

На партиципативен начин и во соработка со надворешен експерт се ревидираа и подобрија 4 организациски документи: Деловник за работа на Управен Одбор, Деловник за работа на Собрание, Прирачник за финансиски процедури и Прирачник за раководење со човечки ресурси.

Се креираше нова модерна и подостапна веб страна на ОЖОСВН и наместо предвидениот Комуникациски план во проектот, изработивме организациска Комуникациска стратегија.

приоритетна област на делување

ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

МРЕЖА НА МЛАДИ ФАРМЕРИ - ММФ

(mmf.mk) С. МЕШЕИШТА, ДЕБАРЦА

Мисија

Мисијата на Мрежата на млади фармери е да ги развива лидерските и претприемачките вештини на младите фармери во Македонија, да поттикнува тимска работа и комуникација, да го подига интересот за земјоделството, и да дава придонес во неговиот развој, да спроведува активности за подобрување на квалитетот на живот и заштитата на животната средина.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
304.180,00 денари	304.180,00 денари

Број на вработени:

2

име на проектот

МЛАДИТЕ ФАРМЕРИ – ПРЕПОЗНАТЛИВИ И ПОЧИТУВАНИ ОД ЈАВНОСТА

Период на спроведување
01.06.2020 – 30.11.2020

Реализирани средства
237.710 денари

Краток опис на проектот
Нашата главна цел е да се поттикне развој на капацитетите за управување и финансиско управување на Мрежата на млади фармери (ММФ) активна во руралните средини, со цел истата да стане клучен чинител која во иднина ќе го води развојниот процес на руралните средини

Со проектот долгорочно ќе се изгради партнерство за соработка, ќе се подобри капацитетот за финансиско и административно работење на нашата мрежа и ќе се подобри капацитетот на партнерските организации со размена на знаења и алатки, и стремеж кон повисок квалитет за раководење на локалните организации - членки.

Подготвени продукти

- Правилник за организациски процедури.
- Е-билтен.

Додадена вредност
Со овај предлог проект мрежата ќе успее да изнајде начин со кој би се поврзале сите воспоставени регионални тимови. Нивното работење и владеење во организацијата ќе биде јасно. Начинот на известување и водење на финансиите ќе доведе до стабилизирање на мрежата.

За да има проток на навремени и точни информации внатре помеѓу регионалните тимови е потребно воспоставување правилен механизам за внатрешна комуникација. Со тоа ќе се зајакне довербата помеѓу членовите на ММФ , и ќе се придонесе за зголемување на членството, со што и самата мрежа ќе стане сериозен партнер со ресорните институции.

Изработката на документи кои ќе придонесат до успешно водење внатре во самата организација ќе ја стабилизираат мрежата. Успешно и подобрено внатрешно водење на мрежата ќе придонесе поголема сериозност на мрежата пред институциите и донаторите.

Одржливост

Довербата и сигурноста на членовите на мрежата ќе се зајакне со што ММФ ќе стане организација што членовите ја чувствуваат припадноста и сигурноста дека преку неа можат да делуваат кон подобрување на секторот и вербата на младите фармери кон оваа гранка. Со здобиените познавања за начини и механизмите за комуникација и известувањата ќе биде редовна практика на комуникација помеѓу регионалните тимови со што ММФ ќе може навремено да се спротивставува на предизвиците со кои се соочуваат младите.

ММФ со овој проект ќе биде сервис на граѓаните, а посебно младта популација за афирмација на руралниот развој. Преку надградената и тријазична веб страница граѓаните ќе ги информира континуирано и ќе го подобрува знаењето и пристапот до информации на земјоделските производители и младата популација заинтересирано да започне да се занимава со земјоделско производство.

Постигнати резултати

Со проектот е постигната еден вид симбиоза помеѓу членките од нашата мрежа и обичните граѓани. Ние како мрежа сме повеќе видливи со нашите активности во заедницата, ќе ја добиеме довербата од граѓаните.

Изработен правилник за организациски процедури за работа.

Подобрени знаења и вештини на членките во специфични области за изработка на извештаи и механизам за внатрешно известување.

Подобрени знаења и вештини на членките за финансиско управувње во организацијата и финансиско известување

Развој на систем за информирање и комуникација со членките и општата јавност преку изработен е-билтен за годишните активности на ММФ и идни планирани активности.

Развој на систем за информирање и комуникација со надградена и подобрена на веб страницата од нашата мрежа со превод на Англиски и Албански Јазик.

Унапредено и подобрено работење на мрежата со запазени административни процедури и одржан годишен состанок.

3

ГРАНТОВИ ЗА МРЕЖИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ И САМОРЕГУЛАЦИЈА

приоритетна област на делување

ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА, КУМАНОВО (rural.mk)

Мисија

Унапредување на условите за квалитетен живот во руралните средини, зајакнување на жените и младите во улогата на носители на одржливи семејни земјоделски стопанства преку директна поддршка, градење капацитети, придонес кон развој на руралниот туризам и учество во креирање на националната и локалната аграрна политика.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
2.510.664 денари	2.510.664 денари

Број на вработени

13

име на проектот

ПРЕКУ РЕГУЛИРАНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ДО ПАРТИЦИПАТИВНА И ОДРЖЛИВА РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА

Период на спроведување
01.03.2020 – 30.09.2020

Реализирани средства
269.580 денари

Краток опис на проектот
Општата цел на проектот беше насочена кон подобрување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на Коалицијата преку воспоставување практики и утврдување на стратешкиот развој на организацијата низ еден инклузивен и партиципативен процес со демократско учество на здруженијата-членки на Коалицијата.

Подготвени продукти

- Извештај со скенирана состојба за моменталната поставеност на Коалицијата и активноста и вклученоста на членството.
- Стратешки план на Рурална коалиција за периодот 2021-2025 година.
- Кодекс за добро управување.

Додадена вредност

3 нови здруженија членки на Коалицијата, 2 нови остварени соработки со „тинк-тенк“ организации, членство во Мрежата за отворено владино партнерство, зајакната соработка со институциите на национално и на локално ниво за време на ковид-пандемијата, особено во делот на дистрибуцијата на информациите поврзани со вирусот во руралните средини. Креирани документи со целосна партиципативна и демократска вклученост на здруженијата – членки на Коалицијата, со што се создаде чувство на сопственост на документите од страна на членството, што пак во многу сегменти ќе го олесни спроведувањето на зададените стратешки цели. Добиена институционална поддршка од програмата на Цивика мобилитас, со што пак се овозможува и реализација на дел од целите зацртани во стратегијата.

Одржливост

Ова е една од ретките финансиски поддршки коишто организациите имаат можност да ги добијат, а во насока на градење на сопствените внатрешни процеси и капацитети, па така Коалицијата успеа да изработи стратешки план за наредните 4 години што автоматски влијае и на нејзината одржливост, како и редовна употреба на овој документ, особено при годишните програмски планирања. Исто така и вториот продукт којшто беше изработен во рамките на проектот ќе се користи постојано и ќе придонесе не само за унапредувањето на транспарентноста и отчетноста на организацијата, туку директно ќе се влијае и врз управувањето на Коалицијата и распределбата на обврските помеѓу сите структури на истата. Преку планираните активности и цели во стратешкиот план понатаму ќе се бараат начини за идно финансирање на предвидените активности, а дел ќе се реализираат и во рамките на програмата на Цивика мобилитас од каде што Коалицијата успеа да обезбеди институционален грант.

Постигнати резултати

Воспоставување функционални организациски структури за унапредување на транспарентноста преку воведување практики и кодекси на добро управување на Коалицијата.

Унапреден стратешки пристап на регулирање на работата на Коалицијата и воспоставени редовни канали на комуникација и консултација со членството.

приоритетна област на делување

ЖИВОТНА СРЕДИНА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА! - ГЕВГЕЛИЈА (ckp.org.mk)

Мисија

Мисијата на мрежата е да го следи процесот и напредокот на вклучување на јавноста, како и да игра улога на супервизор и коректор во начинот и степенот на вклучување на јавноста за прашања од областа на животната средина во општината.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
/	/

Број на вработени

/

име на проектот

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НЕФОРМАЛНАТА МРЕЖА „ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!“

Период на спроведување
01.03.2020 – 31.10.2020

Реализирани средства
253.498 денари

Краток опис на проектот
Со овој проект сакаме да ги подобриме транспарентноста и отчетноста на мрежата преку креирање кодекси на однесување и подобрување на вклученоста на членките во донесувањето одлуки. Сакаме членките успешно да ги спроведуваат кодексите на однесување како чекор кон подобрена транспарентност и отчетност на целата мрежа.

Подготвени продукти

- Подигнати капацитетите на 20 учесници за отчетност и транспарентно работење.
- Подготвен правилник за отчетност и транспарентно работење за неформалната мрежа ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!
- Веб-страница за неформалната мрежа ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!
- Подготвена стратегија за работа на неформалната мрежа ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!
- Подготвен правилник за отчетност и транспарентно работење на неформалната мрежа ВКЛУЧИ СЕ, ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!
- Создадени и објавени 2 гласила, полугодишно и годишно со методологија спремна за сите следни години.
- Направени над 5 посети во компании или гостувања во „Една може!“ за поврзување со бизнис- секторот.
- Јавен настан за презентирање на постигнатото преку предлог- проектот, прес-објави на портали, ТВ емисија и радио станици.

Додадена вредност

Правилникот за добро управување и правилникот за транспарентност и отчетност беа преземени од страна на две членки на мрежата, кои понатаму ќе ги применуваат во нивното работење.

Одржливост

Подготвените правилници за добро управување и правилникот за транспарентност и отчетност овозможија мрежата да биде транспарентна, структурирана, ефикасна и ефективна во реализацијата на проектните активности и управувачката структура има јасна насока каде да се насочи во наредниот период на дејствување. Со стекнатите знаења и вештини за транспарентност и отчетност и добро управување членките ќе даваат поголема важност на примената на овие принципи и наедно знаењето ќе придонесе мрежата да биде подобро прифатена од страна на општата јавност и од донаторите. Изработената веб-страницаа ќе овозможи полесна комуникација со целните групи.

Постигнати резултати

- *Подигнати капацитети на членките на мрежата за отчетност и транспарентно работење.*
- *Развиена заедничка стратегија за работа на мрежата.*
- *Воспоставена организациска структура во мрежата согласно изготвениот правилник за добро управување.*

приоритетна област на делување

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ ХОМОФОБИЈАТА И ТРАНСФОБИЈАТА (НМХТ), СКОПЈЕ

Мисија

Националната мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата е неформална мрежа на здруженија на граѓани и неформални групи кои здружено работат на унапредување на гарантирањето и уживањето на човековите права на ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
/	/

Број на вработени

/

име на проектот

ЗАЈАКНАТО ВМРЕЖУВАЊЕ, ЗАЗАЈАКНАТО ЛГБТИ ДВИЖЕЊЕ

Период на спроведување
01.03.2020 – 30.09.2020

Реализирани средства
264.605 денари

Краток опис на проектот
Целта на овој проект на НМХТ е да се подобри работењето на оваа мрежа во насока на подобрена организација, професионалност и транспарентност. Наедно целта е мрежата да ги зајакне своите капацитети за професионално дејствување во делот на унапредување на правата на ЛГБТИ преку рекреирање на постоечките документи и креирање нови, јасно поставување на своите цели преку соодветно стратешко планирање и обезбедување континуирана работа.

Подготвени продукти

- Изготвен и усвоен нов статут на НМХТ.
- Изготвена и усвоена политика за транспарентност и отчетност.
- Изготвен стратешки и акциски план на НМХТ.
- Изготвени беа 5 соопштенија и реакции.
- Изговени беа картички за промоција на услугите кои ги нудат членките за време на ковид-19.
- Изготвен беше извештај за работата на НМХТ за 6 месеци.
- Изготвено беше ново лого на НМХТ.

Додадена вредност

Во периодот на предизборието НМХТ се застапуваше за итно потпишување на Декларацијата за донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација од страна на политичките партии кои се кандиди-

раа на изборите, во соработка со другите мрежи и граѓански организации, кои успеавме да добиеме поддршка од 17 политички партии. Во застапувањето за повторно донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, НМХТ одржуваше состаноци и креираше стратегии за застапување, а како дел од овие активности имаше и заеднички состанок со дел од пратеничките од новиот собраниски состав на кој се разговараше за повторно формирање на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ во рамките на новиот собраниски состав. За сите овие цели и активности, воспоставена и зајакната беше соработката со Мрежата од заштита за дискриминација и Платформата за родова еднаквост, кои активно се застапуваат за истиот закон.

Одржливост

Ревидирањето на внатрешните документи на мрежата придонесе кон подобрување на начинот на функционирање на мрежата и нејзина подобра организација во иднина. Ова вклучува и можност за аплицирање за идни проекти и спроведување нови активности на НМХТ. Со вклучувањето на членките во ревидирањето на постоечкиот статут и подобрувањето на постоечките, но и воведувањето нови политики, се подобрува координацијата и комуникацијата од една страна, а се подобрија и капацитетите на членките, од друга. Креирањето достапни содржини и добар избор на начинот на кој постигнатите резултати од работењето на мрежата ќе се прикажуваат во јавноста, придонесува кон зголемување на видливоста на мрежата, но и зголемување на отчетноста. Во иднина ќе се цели кон одржување на динамиката на објавување и информирање на јавноста за работата на мрежата на транспарентен начин со цел натамошно зголемување на видливоста. Изготвувањето стратешки и акциски план на Мрежата со вклучување на сите членки има особено значење за натамошното координирано дејствување на мрежата и преземање активности за застапување кои веќе се спроведуваат по завршувањето на проектот.

Постигнати резултати

- *Подобрени внатрешни документи за транспарентност и отчетност на мрежата.*
- *Изготвен стратешки и акциски план на Мрежата за дејствување во следните 2 години.*
- *Подобрени капацитети за застапување на членките на Мрежата.*
- *Зголемена видливост и отчетност на Мрежата во јавниот дискурс.*

приоритетна област на делување

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

ГРАЃАНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА АВАЈА

ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИ „РОМАЛИТИКО“ - СКОПЈЕ **www.facebook.com/avaja.org/**

Мисија

АВАЈА претставува граѓанска иницијатива која има за цел да ги артикулира и промовира интересите на граѓаните од ромската заедница пред засегнатите страни. АВАЈА има за цел да го подигне ромското прашање пред сите државни фактори и институции во Република Северна Македонија.

Нашата мисија е да се подобри квалитетот на животот на ромската заедница на национално ниво.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
8.991.051 денари	7.464.001 денари

Број на вработени

7

име на проектот

ТРАНСПАРЕНТНО И ЕТИЧНО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ „АВАЈА“

Период на спроведување
01.03.2020 - 30.09.2020

Реализирани средства
231.570 денари

Краток опис на проектот
Проектот „Транспарентно и етично граѓанско движење „АВАЈА“ има за цел да ја зголеми видливоста, транспарентноста на граѓанското движење „Авајa“, како и да ја насочи работата на граѓанското движење на етички принципи.

Подготвени продукти

- Креирана веб-страница на Граѓанската иницијатива „АВАЈА“.
- Креирани и усвоени 3 документи за етичко работење: документ за награда и санкции, етички кодекс за професионално работење и документ за принципи и вредности.
- Креирана 3-годишна стратегија на Граѓанската иницијатива „АВАЈА“ и акциски план за 1 година.

Додадена вредност

- Креирана комисија за етичко работење.
- Креирање персонализиран пристап на веб-страницата на граѓанската иницијатива „АВАЈА“ за членовите.
- Со аплицирањето, а потоа и спроведувањето на проектот, иницијативата „АВАЈА“ влезе во кругот на движења и иницијативи кои дејствуваат на територијата на Република Северна Македонија. Оствареният контакт со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество и МЦМС се од крucијално значење за иницијативата. Исто така, од големо значење се и остварените контакти со другите движења кои го спроведуваа истиот проект, со што се креира квалитетна основа за потенцијална соработка во иднина.

Одржливост

Веб-страницата продолжува да функционира и да се одржува и ажурира со нови информации и по завршувањето на проектот.

Документите за етичко работење се усвоени од страна на највисокото раководство на иницијативата, а исто така и комисијата постојано ќе го следи работењето на сите членови на „ABAJA“ согласно етичките документи.

Тригодишната стратегија е утврдената насока во којашто ќе се движи иницијативата во наредните години.

Постигнати резултати

- *Зголемена транспарентност на граѓанското движење ABAJA преку креирана електронска платформа и најмалку 5 објави месечно (најмалку 60 објави годишно).*
- *Усвоени 3 документи (етички кодекс, систем на награди и санкции и принципи и вредности) кои ја подобруваат комуникацијата во иницијативата ABAJA и креирана комисија од 3 членови за етичко работење.*
- *Креиран стратешки план за 1 година за работењето на иницијативата ABAJA од страна на тимовите и членовите на ABAJA.*

приоритетна област на делување

МЛАДИ

ПОДАТОЦИ ЗА ГРАНТИСТОТ

име на организацијата

СЕГА (sega.org.mk)

КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРИЛЕП

Мисија

Мисијата на СЕГА е да работи на развивање и примена на младински политики на локално и на национално ниво, да ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивни личен и професионален развој во Македонија.

Финансиски капацитет на организацијата во 2019 година

Приходи	Расходи
22.731.330 денари	12.297.394 денари

Број на вработени

8

име на проектот

ЈАКНЕЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА КОАЛИЦИЈАТА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

Период на спроведување
01.03.2020 – 31.01.2021

Реализирани средства
270.500 денари

Краток опис на проектот
Коалицијата СЕГА се залага за создавање овозможувачка околина во која ќе се негува независно, транспарентно, отчетно и одржливо граѓанско општество, со влијателна улога во процесите на креирање политики.

Оттаму, со овој проект целиме за унапредување на транспарентноста и отчетноста на Коалицијата СЕГА кон своите членки и кон јавноста.

Подготвени продукти

- Анализа на спроведената анкета за мислењата и перцепциите на членките СЕГА – основни податоци.
- Комуникациска стратегија на Коалицијата СЕГА.
- Воспоставени процесни мапи.
- Промотивно видео за работата на Коалицијата СЕГА.

Додадена вредност

Додадена вредност на проектот во однос на организациското работење е зголемувањето на фреквентноста на учество на организациите членки, не само на одредени проекти, туку на сите нивоа на одлучување во рамките на СЕГА. На тој начин ќе се зголеми довербата помеѓу организациите членки, извршната канцеларија и управните структури на мрежата на Коалицијата СЕГА.

Одржливост

Со постигнувањето на резултатите, односно специфичната цел, Коалицијата СЕГА ќе го подобри својот имиџ пред своите конститутори, односно организаициите членки и целните групи. На долг рок, ќе се промени начинот на комуникација кој ќе биде по мерка на корисниците (user-friendly) и ќе се даде можност за повратна информација и комуникација. СЕГА ќе биде препозната како мрежа која редовно користи алтернативни и иновативни трендови за комуникација со целните групи преку веб-страницата и социјалните медиуми.

Понатаму, проектот ќе ја подобри внатрешната кохезија и ќе го зголеми нивото на вклучување на организациите членки, но од друга страна, ќе претставува и поттик младинските организации да членуваат во СЕГА. За крај, развиените стратешки пристапи за партиципативност ќе претставуваат пример за мрежно работење и одлучување во државата.

Постигнати резултати

- *Квалитетот на комуникација на Коалицијата СЕГА со организациите членки и засегнатите страни е зајакнат.*
- *Подобрени се внатрешните политики за добро управување на Коалицијата СЕГА во согласност со законската регулатива, преку широк консултативен процес со членките.*
- *Зајакнат процес на донесување одлуки и креирање програми на сите нивоа со обезбедување систематско учество на сите организаци ичленки на СЕГА.*